# Деловна продуктивност (ERP)

## Што е ERP?

За да се подобри координацијата и размената на релевантни инфор- мации меѓу системите и различните учесници во системот и да овозможи компатибилност и размена на податоци со релевантните системи во една компанија се јавува потреба за еден Интегриран систем за размена на податоци и автоматска обработка на податоците.

Информациониот систем ERP ги содржи следниве апликативни решенија:

• Управување со магацини (магацинско работење)
• Материјално работење
• Финансово работење
• Девизно финансово
• Набавки и односи со добавувачите
• Организација на процесот на производство (workflow management)
• Управување со документација
• Управување со недвижни основни средства (Asset lifecycle management)
• Благајна
• Камати

Информациониот систем е скалабилен и во него лесно може да се интегрираат нови производни капацитети и нови технологии во производниот процес. Во однос на доверливоста системот ги задоволува барањата за безбедност на информации во согласност со ISO 270001:2005.

Добро имплементиран и правилно употребуван информационен систем во една компанија значи дека, ваквата компанија има значителна компетитивна предност во однос на конкуренцијата.

Интегрираниот систем за размена и автоматска обработка на податоци обезбедува апликативни решенија и сервиси за секторите кои се корисници на решението за да може непречено да ги следат сите случувања во компанијата.

Корисниците ги извршуваат нивните задачи/активности преку Информациониот систем за краен корисник со GUI клиент. На тој начин се обезбедува целосна информатичката поддршка за сите корисници во реализација на нивните бизнис процеси.

Информациониот систем за размена и автоматска обработка на податоци е имплементиран врз основа на ASP.NET технологија, а во неговата основата е SQL база на податоци која се користи за чување на податоците генерирани при реализација на бизнис процесите.

Нивото за презентација се базира на Microsoft .NET Framework, што обезбедува стандарден изглед и чувство како да се работи во било која апликација базирана на Windows оперативниот систем. Ова ниво се справува со сите интеракции со корисникот и ги визуелизира информациите и текот на работата. Клиентот се состои од работен простор кој е изграден од неколку модули кои заедно ја прават работната површина.

Интеракцијата со корисниците се одвива во рамките на неколку различни прикази, кои му се презентираат на корисникот во индивидуални појавни прозорчиња каде корисникот може да ги менува податоците. Овие прозорчиња се појавуваат автоматски како дел од текот на работата(workflow). Навигацијата помеѓу овие прикази ја диктираат дефинициите на текот на работата.

Водењето успешен бизнис денес, во голема мера зависи од времето кое вам ви е потребно да одговорите на предизвиците кои со себе ги води вашата работа. Речиси е невозможно да се следи чекорот со успешните без користење на придобивките кои ги нуди информатичката технологија. Можноста која ние ви ја нудиме со користењето на нашиот софтвер е неограничена. Апликацијата е базирана на .NET платформата која што е една од најновите и една од најдобрите технологии.

Во апликацијата се имплементирани последните технолошки достигнувања на ASP.NET програмскиот јазик во поглед на безбедност, брзина, стабилност и приспособливост.

Важно е да се напомене дека сите прегледи во апликацијата можат да се отпечатат на принтер и тоа во повеќе формати (PDF, DOC, ODT), како и да се испратат по електронска пошта.

## Управување со магацини (Магацинско работење)

Детално праќење на лице место на потрошувачката на материјалите и контрола на користењето на алатот во магацините. Во себе вклучува:

• Единствена номенклатура на материјалите, алатот и готовите производи
• Евиденција на трансферот меѓу магацините и продавниците
• Покривање на требувањата, издатниците, приемниците, преносниците и повратниците
• Контрола на приемот и издавањето од магацините
• Водење по некоја од прифатените методи (ФИФО, ЛИФО и сл.) и врз основа на ИСО стандардите

## Материјално работење

Книговодствено пратење на материјалната евиденција. Подршка на сите материјални документи важни од книговодствен аспект, како и можност од автоматско преземање податоци од магацините.

Го има следниот опсег на документи:

- Приемници, испратници, преносници, повратници на добавувачи, повратници од купувачи, извештаи за залихи, промет
- Следење на историјата на залихите и прометот (материјални картици)
- Сите извештаи можат да се филтрираат и пребаруваат по многу критериуми, како на пример по период, на ниво на цело претпријатие или по магацини, за еден, група и или сите артикли итн.
- Функционална поврзаност со фактурирањето, благајната и добавувачи/купувачи
- Автоматско ажурирање во финансии, контролни програми за непревземени документи од магацин, несложени количини со тие во магацин, контрола за нефактурирани документи

## Финансово работење

Софтверот за финанскиско книговодство нуди можности за книжење налози, слободно додавање на комитенти, типови на документи, контен план, валути, фирми, и разни видови на извештаи.

Главната придобивка на овој софтвер е поврзаноста на материјалното и финансовото работење. При креирањето на влезните или излезните документи во материјалното работење имате можност со еден клик да направите автоматско прокнижување на вредноста од документите во налог од финансовото работење. Со тоа процесот е значително забрзан, ваша работа е само да го прегледате налогот и да го испечатите.

Сепак, книжењето на налозите е ваш избор. Ако изберете да не книжите автоматски, налозите можете да ги креирате едноставно во менијата за налози.

Апликацијата врши процесирање на трансакции во Главната Книга на ефикасен и флексибилен начин, адаптирајќи се на потребите на вашата фирма и снабдувајќи ги менаџерите со точни и навремени финансиски информации потребни за поефикасно организирање на работата и донесување на деловни одлуки. Решението обезбедува алатки за контрола на безбедноста кои што ви гарантираат точност и интегритет на податоците во извештаите од Главната Книга.

Бизнис решението е во согласност со сите македонски сметководствени регулативи и закони и развиено со македонска кирилична подршка, што придонесува за побрзо и полесно учење на апликацијата. Овој софтвер може да се прилагоди на специфичните барања на клиентот.

Софтверот овозможува:

- Флексибилен контен план со произволна голема вгнездена аналитика
- Книжења организирани во финансови налози
- Билансирање и отворање на почетен налог
- Можност од планирање и буџетирање на пример за трошочните конта и споредба на планираното со тековното
- Класификација на книжењата по организациона единица, трошочен или профитен центар, проект или произволна категорија
- Подршка на книжење на повеќе валути
- Дневник на книжења како основа за генерирање на разни рапорти како салда конта, заклучен листи и други прегледи
- Сите прегледи можат да се филтрираат и пребаруваат по многу критериуми: на ниво на претпријатие или по организациони единици, по период, по класи, групи или конта, по аналитичко конто итн. со можна и комбинација на сите критериуми

## Девизно работење

- Увозно/извозно работење
- Девизни калкулации
- Подршка на различни валути
- Дознаки
- Акредитиви
- Компјутеризирани сите увозно-извозни документи по потреба на корисникот

## Набавки и односи со добавувачите

Евиденција на набавките, особено важно за претпријатијата и институциите со интензивна комерцијана комуникација. Во себе вклучува:

- Следење на разни цени и анализа на добавувачи
- Валутите, начините на плаќање и испорака и сл.
- Можност набавките да се генерираат од претходно внесените минимални колични потребни за залиха
- Богат избор на извештаи за статусот и текот на набавката, споредбени анализи и сл.

## Организација на процесот на производство

Функционален систем на следење на производството од излезот на материјалите до влезот на готовите производи преку:

- Креирање на нормативи и спецификации за потрошувачката на материјали и нормирање на работната сила
- Формирање на работни налози врз основа на податоците од комерција
- Преземање на податоците од магацинското работење преку требувањата и издатниците
- Следење на недовршеното производство
- Евидентирање на готовите производи и затворање на налозите
- Споредба на потрошувачката со нормираната потрошувачка
- Формирање на пресметана калкулација на цената на чинење врз основа на производните трошоци
- Генерирање на планска калкулација и цена на чинење на производите врз основа на податоците од тековното производство
- Минимизирање на трошоците со компјутерска помош

## Управување со документација

Најкомплексниот дел на документ менаџментот реализиран преку:

- Поврзување на документите со нивните креатори и корисници
- Систем на контрола и овластување за користењето на документите, посебно кога еден документ е пополнуван од повеќе корисници
- Евидентирање на статусот на документацијата и текот на нејзиното движење
- Разни извештаи по тип на документ, корисник, статус, оддел или сектор, датум на креирање, на промена и сл.

## Управување со недвижни основни средства (Asset lifecycle management)

Основните средства се почеток на секоја компанија, нешто без кое што неможе да се замисли постоењето и реализацијата на една компанија.

Софтверот за попис на основни средства претставува апликативно, програмско решение кое им овозможува на корисниците лесно, брзо и ефикасно попишување на основните средства во рамките на нивната компанија. Со решението кое ние го нудиме проблемите кои со себе ги носеа досегашните начини на попишување на физичките објекти се надминати.

Решението е web базирано и овозможува достапност на точни и ажурирани информации за основните средства во секое време, овозможувајки им на менаџерите донесување на квалитетни одлуки базирани на реални податоци. Можна е интерграција со модулот за Финансово работење, што им овозможува на компаниите едноставно управување со интегрирани оперативни активности.

Во самиот софтвер, можете да внесувате, одржувате и следите податоци за користење на средства, вклучувајки релевантни информации на новонабавени средства, ажурирање на податоци на за веќе евидентирани средства, примопредавање на средства меѓу задолжени лица, како и информации за средства кои се на располагање.

Софтверот овозможува:

• Евиденција по инвентарен број и баркод, пописно место, организациона единица локација, задолжено лице итн.
• Пресметка на амортизација
• Пренос на средства во други Организациони единици
• Преглед на ОС со ревалоризација
• Преглед на амортизација на ОС
• Преглед на ОС по задолжени лица
• Предглед на отпишани средства
• Инвентарни картици
• Пописни листи, спецификации и останати пропишани и книговодствени извештаи
• Автоматски пренос на основни средства во наредна деловна година по новата сегашна вредност

## Благајна

Збир од оперативни модули со кои се прати прометот на средствата во благајната и се врши програмско генерирање на разни благајнички образци. Висок степен на интегрираност со финансовото книговодство, главната книга, добавувачи/купувачи.

Во благајната компјутерски е подржано:

• Евиденција на влез и излез на средства од благајна
• Каса прими/исплати
• Дневник на благајна
• Касови извештаи и сл.

## Камати

Модул за пресметка на камати кој може да функционира самостојно или поврзан со финансиското книговодство, притоа вршејќи:

ELIKOSOFT

• Автоматско пресметување на месечните и дневните каматни стапки креирање на каматни листи по комитенти и групно, врз основа на податоците од фактурите и отворените ставки

На крај сакаме да напоменеме дека Еликософт со својот тим стои на располагање на сите заинтересирани субјекти за било какви информации.